Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

| Примено: | 29.01.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 584 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ

**од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје, емитуван од 13 до 19 јануари 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот од 13 до 19 јануари 2014 година, е констатирано дека на програмата на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма) се емитувани **1 час и 36 минути** вокално-инструментална музика на македонски јазик. Музиката е емитувана во емисијата „Макпланет“ (со една реприза) што ја промовира тековната забавна македонска музичка продукција, со ефективно времетраење од 25 минути. Другата минутажа во вкупно пресметаното време од 1 час и 36 минути за наведената недела, се однесува на музички спотови емитувани во рамките на „Пет плус“, образовно-забавната емисија за деца. Поради неисполнување на законски пропишаниот неделен минимум за музика, практично не се почитуваат, односно нема основа да се разгледуваат, ниту обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, ниту, пак, барањето за временскиот период на нејзино емитување.

***Опис на прекршувањето:***

Програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, не ја почитува законската обврска да емитува најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и со тоа не ги почитува и обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување, што е спротивно на **член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

***Забелешка:*** *На 15 јануари 2014 година, во периодот од 02:34:47 до 08:03:17, поради технички проблеми кај операторот недостасува снимка од програмскиот сервис и ова време не е земено предвид во анализата.*

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги